# ПРОСПЕКТ
## ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД
# КБ ИНВЕСТ – Паричен

Скопје, Јули 2024 година

*Овој Проспект претставува јавен повик за купување удели во отворениот инвестициски фонд КБ Инвест – Паричен (во понатамошниот текст: Фондот). Во Проспектот се изнесени сите информации што им се потребни на потенцијалните инвеститори за донесување одлука за вложување во Фондот. Пред донесувањето на одлуката за вложување секој потенцијален инвеститор е должен да ги прочита одредбите од Проспектот и Статутот на Фондот со цел да дознае за видот на вложувањата и ризиците поврзани со нив.*

**СОДРЖИНА**


**I) ПОДАТОЦИ ЗА ОТВОРЕНИОТ ФОНД ---1**

1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ОТВОРЕНИОТ ФОНД ---1
*1.1. Назив на Фондот---1*
*1.2. Вид/тип на Фондот---1*
*1.3. Идентификациски број на Фондот ---1*
*1.4. Датум на организирање на Фондот---1*
*1.5. Време на постоење на Фондот ---1*
*1.6. Место каде што може да се добие примерок од проспектот, статутот и клучните информации за инвеститорите---1*
*1.7. Законска рамка за работењето и регулаторен режим на кој подлежи Фондот ---1*
*1.8. Даночни права и обврски на инвеститорите и Фондот---2*
*1.9. Политика на распоредување на добивката во Фондот ---2*
*1.10. Податоци за начинот на пресметка на учеството во добивката---2*
*1.11. Фирма и седиште на овластениот ревизор---2*
2. ДЕТАЛИ ЗА ОСНОВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УДЕЛИТЕ НА ФОНДОТ---2
*2.1. Природа на правата кои произлегуваат од уделите во Фондот ---2*
*2.2. Права кои произлегуваат од уделите ---2*
*2.3. Претпоставки под кои е дозволено да се покрене и постапка за ликвидација на Фондот3*
*2.4. Назив на организираниот пазар или друго место за тргување на кое се котирани или примени на тргување уделите ---3*
*2.5. Издавање и откуп на удели ---3*
*2.5.1. Постапка и услови за издавање удели---4*
*2.5.2. Минимален износ на поединечни вложувања ---4*
*2.5.3. Постапка и услови за запишување и издавање удели ---4*
*2.5.4. Почетна цена на уделите---5*
*2.5.5. Постапка и услови за понуда на уделите---5*
*2.5.6. Постапка и услови за откуп и исплата на уделите ---5*
*2.5.7. Околности под кои може да дојде до прекин на издавање и откуп на удели ---5*
*2.6. Информации за начинот и правилата за пресметување и користење на приходите или добивката на Фондот од страна на имателите на удели---6*
*2.7. Принципи на вложување на средствата, како и типот на средства во кои е дозволено вложувањето, односно категории на средства и видови на финансиски инструменти во кои ќе бидат инвестирани средствата на инвестицискиот фонд ---6*
3. ОПИС НА ЕЛЕМЕНТИТЕ ПОВРЗАНИ СО ВЛОЖУВАЊАТА НА ФОНДОТ ---7
*А) ДЕТАЛЕН ОПИС НА ИНВЕСТИЦИСКАТА ПОЛИТИКА/СТРАТЕГИЈА И ИНВЕСТИЦИСКИТЕ ЦЕЛИ7*
*Б) ПЛАНИРАНА СТРУКТУРА НА ПОРТФОЛИОТО НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД:---7*
4. ПРОФИЛ НА ИНВЕСТИЦИСКИТЕ РИЗИЦИ И УСПЕШНОСТА ---8
*4.1. Видови инвестициски ризици и нивната поврзаност со вложувањата и структурата на Фондот8*
*4.1.1. Ризик од промена на цените на финансиските инструменти во кои е вложен имотот на фондот (пазарен ризик)---8*

*4.1.2. Ризик кој произлегува од промена на каматните стапки*----8
*4.1.3. Кредитен ризик*----8
*4.1.4. Валутен ризик*----9
*4.1.5. Ризик од предвремено плаќање*----9
*4.1.6. Политички ризик*----9
*4.1.7. Ризик од промена на даночните прописи*----9
*4.1.8. Ризик поврзан со ликвидноста*----9
*4.2. Ризици поврзани со Друштвото и начинот на управување со тие ризици*----9
*4.2.1. Стратешки ризик*----10
*4.2.2. Репутациски ризик*----10
*4.2.3. Политички ризик*----10
*4.2.4. Оперативен ризик*----10
*4.2.5. Ризик од континуитет на адекватност и соодветност*----10
*4.2.6. Ризик од судир на интереси*----10
*4.3. Одобрение за организирање на Фондот*----10
*4.4. Изјава за вложување на повеќе од 35% од имотот на Фондот*----10
*4.5. Вложувања во деривативни финансиски инструменти*----11
*4.6. Посебни техники на управување со средства*----11
*4.7. Изјава за дозволени вложувања на имотот на Фондот*----11
*4.8. Реплицирање на пазарен индекс*----11
*Инвестициската политика на Фондот не вклучува реплицирање на одреден пазарен индекс.* 11
*4.9. Волатилност на нето вредноста на имотот на Фондот*----11
*4.10. Начинот и времето на пресметка на нето вредноста на имотот на Фондот, како и основата врз која се пресметува нето вредноста на Фондот*----11
*4.11. Време, начин и зачестеност на пресметка на цените на уделите, како и начин на објавување на тие цени, опис на износот и зачестеноста на плаќањето на дозволените надоместоци и трошоци за издавање и откуп на уделите*----11
5. ИСТОРИСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРИНОСОТ НА ФОНДОТ----12
6. НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ТРОШОЦИТЕ НА ТОВАР НА ИМОТОТ НА ФОНДОТ И ИНВЕСТИТОРОТ----12
*6.1. Надоместок за управување на Друштвото*----12
*6.2. Надоместок на депозитарната банка и евентуално други лица*----13
*6.3. Трошоци поврзани со купопродажба на имот на Фондот*----13
*6.4. Други трошоци кои ќе произлезат во текот на работењето*----13
*6.5. Надоместок за издавање и откуп на удели*----13
*6.5.1. Еднократни уплати или Нееднакви удели*----13
*6.6. Надоместок за замена на удели*----13
7. ЦЕЛЕН ПАЗАР И СТРУКТУРА НА ВЛОЖУВАЊАТА НА ФОНДОТ СО СОСТОЈБА НЕ ПОСТАРА ОД 2 ДЕНА ОД ДЕНОТ НА НОСЕЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ, ОДНОСНО НЕГОВИТЕ ИЗМЕНИ----14
8. ЦЕЛНА ГРУПА НА ИНВЕСТИТОРИ ЗА КОИ Е НАМЕНЕТО ВЛОЖУВАЊЕТО ВО ОВОЈ ФОНД СОГЛАСНО НИВНИТЕ МОТИВИ ЗА ВЛОЖУВАЊЕ И ИНВЕСТИЦИСКИОТ ХОРИЗОНТ, НИВНОТО ПОЗНАВАЊЕ НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ, КАКО И ТОЛЕРАНЦИЈАТА НА РИЗИКОТ ОД ВЛОЖУВАЊЕТО ВО ФОНДОТ----16
9. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ГОДИНА----16
10. ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ----17

**II) ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОВИ----17**

1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО----17
2. ФОНДОВИ СО КОИ УПРАВУВА ДРУШТВОТО----17
3. ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА ДРУШТВОТО----17
4. ОСНОВНА ГЛАВНИНА И АКЦИОНЕРИ КОИ ИМААТ КВАЛИФИКУВАНО УЧЕСТВО ВО ДРУШТВОТО 19
5. ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО КОЕ ДЕЛУВА КАКО СОВЕТНИК НА ФОНДОТ----19

6. БИТНИ ОДРЕДБИ ОД ДОГОВОРОТ СО ДЕПОЗИТАРНАТА БАНКА ---------------------------------------- 19
7. ДРУГИ ВАЖНИ АКТИВНОСТИ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ---------------------------------------- 19
8. ЛИСТА НА ЛИЦАТА СО КОИ ДРУШТВОТО ИМА СКЛУЧЕНО ДОГОВОР ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ АКТИВНОСТИ------------------------------------------------------------------------------------------------------------ 19
9. ЛИСТА НА ПОДРУЖНИЦИ НА ДРУШТВОТО------------------------------------------------------------------ 20
10. МЕСТО ЗА МОЖЕН УВИД ВО ОПШТИТЕ АКТИ НА ДРУШТВОТО -------------------------------------- 20

**III) ПОДАТОЦИ ЗА ДЕПОЗИТАРНАТА БАНКА ------------------------------------------------------------------ 20**

**IV) ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦАТА ШТО СЕ ОДГОВОРНИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ ---------- 22**

1. ИЗЈАВА НА ЛИЦАТА ОДГОВОРНИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ ------------------------------------ 22
2. ЛИЦА ЗА КОНТАКТ ВО ДРУШТВОТО--------------------------------------------------------------------------- 22

Врз основа на член 53 од Законот за инвестициски фондови (Службен весник на РМ бр.12/2009 со сите измени), член 41 од Статутот на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови КБ Инвест АД Скопје (во понатамошниот текст: Друштвото), Одборот на директори на Друштвото на ден 2.7.2024 година го усвои следниот

# П Р О С П Е К Т
# на
# Отворен инвестициски фонд
# КБ Инвест – Паричен
(пречистен текст)

## I) ПОДАТОЦИ ЗА ОТВОРЕНИОТ ФОНД

### 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ОТВОРЕНИОТ ФОНД

#### 1.1. Назив на Фондот
Називот на отворениот фонд гласи: Отворен инвестициски фонд КБ Инвест – Паричен.
Скратениот назив на Фондот гласи: о.и.ф. КБ Инвест – Паричен.
Во работењето со странство Фондот настапува со називот напишан на латинично писмо.

#### 1.2. Вид/тип на Фондот
Фондот е основан како отворен инвестициски фонд и се категоризира во групата на други инвестициски фондови.

#### 1.3. Идентификациски број на Фондот
Фондот го има следниот идентификациски број: 9120000000165.

#### 1.4. Датум на организирање на Фондот
Фондот е организиран на 14.12.2010 година со усвојување на Статутот и Проспектот, кои се одобрени со Решение број УП1 08-168 од 8.3.2011 година на Комисијата за хартии од вредност (во понатамошниот текст: КХВ).

#### 1.5. Време на постоење на Фондот
Фондот е основан на неопределено време.

#### 1.6. Место каде што може да се добие примерок од проспектот, статутот и клучните информации за инвеститорите
Примерок од проспектот, статутот и клучните информации за инвеститорите или дополнителни информации за Фондот, како и полугодишни и ревидирани годишни извештаи, може да се добијат во седиштето на Друштвото на ул. Св. Кирил и Методиј бр. 50, Скопје или, пак, да се преземат од неговата интернет-страница www.kbinvest.mk.

#### 1.7. Законска рамка за работењето и регулаторен режим на кој подлежи Фондот
Законска рамка за работењето на Фондот е Законот за инвестициски фондови (во понатамошниот текст: Законот) и подзаконските акти донесени од страна на КХВ. КХВ врши контрола над работењето на Друштвото, Фондот и депозитарната банка во делот на работењето на инвестициските фондови.

### 1.8. Даночни права и обврски на инвеститорите и Фондот

Со оглед на тоа што Фондот нема својство на правно лице, согласно Законот за данокот на добивка, добивката од инвестирање на средствата на Фондот во финансиски инструменти нема да се оданочува.
Даночните права и обврски на инвеститорите се регулирани со Законот за данокот на личен доход (за домашни и странски физички лица) и Законот за данокот на добивка (за домашни и странски правни лица). Согласно законската регулатива, данок се плаќа на добивката, односно разликата помеѓу куповната и продажната цена на уделот намалена за сите трошоци и надоместоци. Даночната регулатива е променлива категорија и оттаму вложувачите во Фондот се советуваат да ангажираат даночни советници за потенцијалните даночни последици коишто може да произлезат за нив од вложувањето во Фондот и понатамошното располагање со удели.

### 1.9. Политика на распоредување на добивката во Фондот

Правото на учество во добивката сопствениците на удели го остваруваат преку откуп, односно продажба на купените удели, како разлика помеѓу влезната и излезната цена на уделот намалена за сите трошоци и надоместоци. Приходите од инструментите во кои се вложени средствата на Фондот, како што се капиталните добивки, позитивните курсни разлики, дивиденди и каматни приходи, нема да се исплатуваат, туку автоматски се реинвестираат со цел да се зголеми цената на уделите во Фондот. Добивката на Фондот е содржана во цената на еден удел.

### 1.10. Податоци за начинот на пресметка на учеството во добивката

Сопствениците на удели имаат право на сразмерен дел од добивката на Фондот, пропорционално на нивното учеството со удели во фондот и во секое време имаат право да побараат исплата на уделите, со што ќе истапат од Фондот.

### 1.11. Фирма и седиште на овластениот ревизор

Овластен ревизор на Фондот е Друштво за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје, со седиште на ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 20, Скопје, РС Македонија.

## 2. ДЕТАЛИ ЗА ОСНОВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УДЕЛИТЕ НА ФОНДОТ

### 2.1. Природа на правата кои произлегуваат од уделите во Фондот

Вложувачите купуваат удели во Фондот со уплата на парични средства на трансакциска сметка на Фондот број 300000003236732 во Комерцијална банка АД Скопје.
Купените удели сопственикот може да ги продаде единствено на Друштвото преку поднесување Барање за откуп на удели.
Сопственикот може да ги замени уделите преку откуп на уделите од Фондот и истовремено да му се издадат удели од друг отворен инвестициски фонд со којшто управува Друштвото, за ист износ на парични средства преку поднесување Барање за замена на удели.
Уделите во Фондот може да се пренесуваат од едно лице на друго исклучиво по основ на наследство или договор за подарок. Таквиот пренос ќе има правно дејство по неговото запишување во регистарот на удели на Фондот во Друштвото.

### 2.2. Права кои произлегуваат од уделите

Уделот на сопственикот му ги обезбедува следните права:

- Право на информираност;
- Сразмерно учество во нето добивката на Фондот;
- Откуп на уделите од страна на Друштвото, на писмено барање на сопственикот; и
- Право на сразмерно учество во остатокот на ликвидационата маса на Фондот во случај на негова ликвидација.

Правата од удели на сопствениците на удели во Фондот се стекнуваат со запишување во Регистарот на удели во Фондот. Друштвото води Регистар на удели во Фондот согласно законските и подзаконските прописи.

### 2.3. Претпоставки под кои е дозволено да се покрене и постапка за ликвидација на Фондот

Ликвидација на Фондот се спроведува доколку:

- Друштвото по донесена одлука за престанок на вршење на работите на управување со инвестициски фондови во претходна постапка на доброволен пренос не успее да го пренесе управувањето со Фондот на друго друштво за управување;
- Депозитарната банка престане да ја врши функцијата на депозитарна банка или КХВ ја одземе издадената согласност на депозитарната банка, а Друштвото не склучи договор со друга депозитарна банка согласно Законот за инвестициски фондови;
- КХВ му ја одземе дозволата за работа на Друштвото или над него е покрената постапка за стечај или ликвидација, а доколку во постапка на присилен пренос не успее да го пренесе управувањето со Фондот на ново друштво за управување; и
- Депозитарната банка не може да спроведе присилен пренос на управувањето со инвестицискиот фонд согласно Законот за инвестициски фондови.

По настапување на горенаведените причини Друштвото, односно ликвидаторот предвиден со Законот за инвестициски фондови веднаш донесува одлука за ликвидација на Фондот.

Ликвидаторот (Друштвото или депозитарната банка) во рок од седум (7) дена од донесување на одлуката за ликвидација, ја известува КХВ и сите вложувачи. Доколку ликвидаторот е назначен од страна на КХВ, за ликвидацијата на Фондот ги известува сите вложувачи во рок од седум (7) дена од денот на неговото назначување.

По донесување на одлуката за ликвидација, се забранува секоја продажба или откуп на уделите во Фондот, освен барањата кои се примени по утврдување на последната цена, а пред донесување на одлуката за ликвидација, со што трансакциите со имотот на Фондот можат да се извршуваат исклучиво за потребите на ликвидацијата на Фондот.

Од денот на донесување на одлуката за ликвидација, односно од денот на назначување на ликвидатор на Фондот не се наплатуваат надоместоци, освен надоместокот на депозитарната банка, трошоци за постапката за ликвидација и нејзината ревизија и трошоците за поднесување на полугодишни или ревидирани годишни извештаи на вложувачите во фондот, настанати во текот на траењето на постапката за ликвидација на Фондот.

Во постапката за спроведување ликвидација на Фондот, целиот имот на Фондот се продава, а достасаните обврски на Фондот до денот на донесување на одлуката за ликвидација се намируваат.

Преостанатата нето вредност на имотот на Фондот се распределува на сопствениците на удели сразмерно на нивните удели во Фондот по спроведување на постапката погоре.

### 2.4. Назив на организираниот пазар или друго место за тргување на кое се котирани или примени на тргување уделите

Со уделите на Фондот не се тргува на организиран пазар.

### 2.5. Издавање и откуп на удели

Продажбата на удели на Фондот се врши по поднесено и прифатено барање за купување удели по цена која Друштвото ја пресметува за секој ден во согласност со Проспектот и Статутот на Фондот, законските и подзаконските акти. Барањата за продажба или откуп на удели кои се примени во неработен ден, Друштвото ќе ги пресметува по цената на уделите од првиот нареден работен ден.

Откупот на уделите во Фондот се врши според цената што одговара на вредноста на уделот утврдена првиот нареден работен ден на процена по поднесување на барањето за откуп на удели.

Пред извршување на трансакција за купување или откуп на удели секој инвеститор е должен уредно и целосно да пополни Апликација за регистрирање/ажурирање на клиент во согласност со законските и подзаконските акти.

На сите регистрирани инвеститори во Фондот, Друштвото ќе им овозможи поднесување Барање за купување удели и Барање за откуп на удели по електронски пат, односно преку соодветен портал достапен на интернет-страницата на Друштвото.

### 2.5.1. Постапка и услови за издавање удели

Инвеститорите кои имаат намера да вложат парични средства, односно да купат удели во Фондот можат секој работен ден да достават Пристапница и Барање за купување удели заедно со неопходните прилози кон тоа барање. Пристапницата и Барањето се пополнуваат на посебен формулар изготвен од Друштвото. Формуларите може да се добијат во просториите на Друштвото, на неговата интернет-страница и преку продажната мрежа воспоставена на договорна основа.

При поднесувањето на Пристапницата и Барањето, доколку станува збор за физичко лице, клиентот треба да се легитимира со важечки документ за лична идентификација (лична карта или пасош). Доколку станува збор за правно лице, клиентот треба да прикаже веродостоен документ за правниот статус, согласно законските прописи, како тековна состојба од регистрацијата или друг документ од надлежен орган. Ако при поднесувањето на Пристапницата и Барањето, клиентот физичко или правно лице, се претставува преку полномошник, кон Пристапницата и Барањето треба да се приложи и нотарски заверено полномоштво, кое треба да содржи изрично овластување за купување удели. Во определени специфични случаи (малолетно лице, или лице на кое му е делумно или целосно ограничена деловната способност), Пристапница и Барање за купување удели поднесува законскиот застапник (родител, старател, посвоител) на малолетното лице или лицето на кое му е делумно или целосно ограничена деловната способност.

### 2.5.2. Минимален износ на поединечни вложувања

Минималната уплата за купување удели изнесува 1.000,00 денари. Уделите се продаваат само за парични средства. Продажната цена на уделот е еднаква на нето вредноста на имотот на Фондот по удел.

### 2.5.3. Постапка и услови за запишување и издавање удели

Друштвото за управување и вложувачите во Фондот засноваат договорен однос преку поднесување на Пристапница и Барање за купување удели од страна на вложувачот и прифаќање на Пристапницата и Барањето и издавање на удели на вложувачот од страна на Друштвото.

При првото стекнување на удели во Фондот, договорот се смета за склучен со поднесување Барање за купување удели, уплата на паричните средства во износ дефиниран во барањето од страна на вложувачот и прифаќање на поднесеното барање и уплатените парични средства од страна на Друштвото. При сите натамошни стекнувања на удели во отворениот фонд договорот за вложување се смета за склучен во моментот кога инвеститорот ќе биде запишан во Регистарот на удели.

Друштвото може да одбие уплата од инвеститор доколку:

- оцени дека целта на уплатата или на барањето за издавање удели е да се нанесе штета на останатите инвеститори во Фондот, односно Фондот би можел да биде изложен на ризик од неликвидност и несолвентност или би било оневозможено остварувањето на инвестициската цел и стратегија на Фондот;
- односите помеѓу Друштвото и инвеститорот се тешко нарушени поради постоење на судска или друга постапка; и
- постои основано сомнение дека е извршено или има обид да биде извршено перење пари или финансирање на тероризам согласно со прописите од областа на спречување перење пари и финансирање на тероризам.

Друштвото го известува инвеститорот за одбивањето на склучување договор, а истото е можно сé до моментот на упис на инвеститорот во Регистарот на удели. Доколку е извршена уплата на парични средства од страна на инвеститорот, а Друштвото за управување го одбие склучувањето на договорот за вложување, Друштвото ќе му ја врати на инвеститорот целата сума на уплатени средства на сметката од која е извршена уплатата во рок од пет (5) дена од денот на одбивањето на договорот.

По прифаќањето на Барањето за купување удели и паричните средства од страна на Друштвото, паричните средства, без одлагање се внесуваат во имотот на Фондот.

За уделите се води евиденција во електронска форма во Друштвото и во Депозитарната банка. Друштвото на инвеститорите кои купиле удели им издава Потврда за купување удели во рок од еден (1) работен ден по извршената уплата во отворениот фонд. Потврдите за купување удели можат да му бидат врачени лично на клиентот, односно законскиот застапник, или на полномошник со уредно нотарски заверено полномоштво или да бидат доставени преку пошта на адресата наведена во Барањето.

### 2.5.4. Почетна цена на уделите

Почетната цена на уделот изнесува 100,00 денари. Цената на издавање и продавање удели во Фондот се определува на тој начин што проценетата нето вредност на имотот на Фондот ќе се подели со регистрираниот вкупен број на издадени удели во Фондот, на денот на кој се врши вреднувањето на нето вредноста на имотот на Фондот.

### 2.5.5. Постапка и услови за понуда на уделите

Инвеститорите купуваат удели во Фондот според нето вредноста по удел на денот на купување (Т), доколку паричните средства се уплатени до 24:00 часот во тековниот ден. За уплати во неработни денови, уделите се купуваат според нето вредноста по удел наредниот работен ден на вреднување (Т+1). Тоа значи дека инвеститорите купуваат удели по непозната цена односно вредност.

### 2.5.6. Постапка и услови за откуп и исплата на уделите

Секој сопственик на удели има право да бара откуп и на тој начин да истапи од Фондот.
Сопственикот на удели може секој работен ден да поднесе Барање за откуп на сите или одреден број удели на посебен формулар – Барање за откуп на удели, кое може да го добие во седиштето на Друштвото, како и преку продажната мрежа воспоставена на договорна основа. Ако клиентот физичко или правно лице се претставува преку полномошник, кон Барањето за откуп треба да се приложи и нотарски заверено полномоштво, кое треба да содржи изрично овластување за откуп на удели. При поднесување Барање за откуп, сопствениците на удели, односно нивните законски застапници или полномошници, се легитимираат со важечки документ за лична идентификација.
Откупот на удели се реализира според цената на уделот за истиот работен ден доколку Друштвото го примило Барањето за откуп до 14:00 часот, а се пресметува првиот нареден работен ден. Барањата за откуп примени по 14:00 часот се сметаат дека се поднесени првиот нареден работен ден. Барањата за откуп на удели кои се примени во неработен ден, Друштвото ќе ги пресметува по цена на удел од првиот нареден работен ден. Тоа значи дека уделите се откупуваат по непозната цена односно вредност.
Откупната цена на уделите се искажува како број со четири децимали. Друштвото, по поднесеното Барање за откуп на удели од сопственикот, доставува налог за исплата на Депозитарната банка, која врши исплата на определениот износ на сметката на сопственикот наведена во Барањето за откуп на удели, најдоцна во рок од седум (7) дена по приемот на Барањето за откуп.
Друштвото им издава Потврда за откуп на удели на инвеститорите кои продале удели, во рок од еден (1) работен ден по извршената исплата од Фондот. Потврдите за откуп на удели можат да му бидат врачени лично на клиентот, односно законскиот застапник или на полномошник со уредно нотарски заверено полномоштво или да бидат доставени преку пошта на адресата наведена во Барањето.

### 2.5.7. Околности под кои може да дојде до прекин на издавање и откуп на удели

Продажбата и откупот на уделите во Фондот може да се прекинат доколку Друштвото и Депозитарната банка сметаат дека не е можно да се утврди точната цена на имотот од портфолиото на Фондот, при што престануваат продажбата и откупот на удели во интерес на постојните и потенцијалните сопственици на удели. Прекин на продажбата и откупот на удели во Фондот може да настане и кога во рок од еден ден ќе се доставаат барања за откуп на удели од Фондот во износ поголем од 10% од вредноста на имотот на Фондот, а Друштвото во законски пропишаниот рок не е во можност да ги реализира барањата.

Прекинот на продажба и откуп на удели, Друштвото ќе го пријави до КХВ и ќе го објави во најмалку два дневни весници во РС Македонија и на својата интернет-страница. Прекин на продажба и откуп на удели, Друштвото може да изврши по добивање согласност од страна на КХВ и за тоа писмено ќе ги извести сопствениците на удели.
Друштвото веднаш, но не подоцна од 24 часа по констатирањето дека не може да ја утврди точната цена на имотот од портфолиото на Фондот, доставува барање до КХВ за добивање согласност за прекин на продажба и откуп на удели во Фондот.
Во периодот на постапката за добивање согласност од КХВ за прекин на продажбата и откупот на удели во Фондот, Друштвото не смее да продава и откупува удели од Фондот сè до завршувањето на постапката за добивање согласност која се води пред КХВ, односно се до прекинување на постапката за добивање согласност доколку во периодот на добивање согласност за прекин на продажба и откуп се создадат услови за утврдување на точната цена на имотот од портфолиото на Фондот.
Прекинот на продажба и откуп ќе заврши откако Друштвото и Депозитарната банка ќе оценат дека е можно да се одреди точната цена на имотот на портфолиото на Фондот, а најдоцна во рок од 28 дена од почетокот на престанокот, освен ако КХВ не се согласи за продолжување на назначениот рок. Известувањето за продолжување на продажбата и откупот на удели во Фондот ќе се објави во најмалку два дневни весници во РС Македонија.
За времето додека трае прекинот на продажба и откуп на удели, Друштвото може да продолжи со примање барања за купување или откуп на удели кои ќе се реализираат по завршувањето на прекинот. Додека трае прекинот, налозите на налогодавачите, односно барањата за откуп или купување удели нема да бидат извршени во роковите предвидени со овој Проспект и Статутот на Фондот.

### 2.6. Информации за начинот и правилата за пресметување и користење на приходите или добивката на Фондот од страна на имателите на удели

Приходите на Фондот се пресметуваат согласно со законските и подзаконските прописи, меѓународните сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување, а во зависност од класификацијата на финансиските инструменти во одредени портфолија (кои се чуваат до доспевање, расположливи за продажба, расположливи за тргување).
Приходите на Фондот се користат за исплата на обврските на Фондот предвидени со Законот, Статутот и Проспектот на Фондот, како и за реинвестирање во согласност со поставените цели и инвестициската политика на Фондот.

### 2.7. Принципи на вложување на средствата, како и типот на средства во кои е дозволено вложувањето, односно категории на средства и видови на финансиски инструменти во кои ќе бидат инвестирани средствата на инвестицискиот фонд

Во процесот на инвестирање на средствата на Фондот, а со цел остварување на поставените цели и инвестициската политика, Друштвото ги почитува следните принципи:
- Профитабилност;
- Ликвидност;
- Диверзификација на ризикот;
- Транспарентност;
- Совесност и професионалност;
- Заштита на интересите на инвеститорите;
- Доверливост и тајност на податоците; и
- Непристрасност и неутралност.

Имотот на фондот Друштвото претежно ќе го вложува во депозити во овластени банки, инструменти на пазарот на пари и должнички хартии од вредност од најбонитетни издавачи. Во зависност од пазарните услови и можност да се оствари зголемување на вредноста на имотот дел од средствата може да биде вложен во инвестициски фондови.

## 3. ОПИС НА ЕЛЕМЕНТИТЕ ПОВРЗАНИ СО ВЛОЖУВАЊАТА НА ФОНДОТ

### А) ДЕТАЛЕН ОПИС НА ИНВЕСТИЦИСКАТА ПОЛИТИКА/СТРАТЕГИЈА И ИНВЕСТИЦИСКИТЕ ЦЕЛИ

Инвестициската цел на Фондот е зголемување на вредноста на имотот (пораст на капиталот), односно пораст на цената на уделот, гледано на долг рок притоа почитувајќи ги ограничувањата во вложувањата, како и потребите за ликвидност и сигурност на вложените средства.
Одлуките за вложување на средствата на Фондот се базираат на одредбите од овој Проспект, кој е одобрен од страна на КХВ, почитувајќи ги највисоките професионални и етички стандарди. Секој потенцијален инвеститор пред почетокот на вложувањето е потребно да ги дефинира своите индивидуални финансиски цели, да го оцени прифатливиот степен на ризик на кој може да биде изложен, да го дефинира временскиот хоризонт на вложувањето и, на крајот, да ја одреди висината на приносот што сака да ја оствари во иднина. Имајќи го предвид фактот дека не постои вложување кое истовремено ги постигнува сите поставени цели, потребно е секој потенцијален инвеститор да го избере оној фонд кој најмногу одговара во поглед на поставените цели.

### Б) ПЛАНИРАНА СТРУКТУРА НА ПОРТФОЛИОТО НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД:

Преку инвестициската стратегија се дефинираат основните финансиски инструменти во кои се вложуваат средствата на Фондот и начинот на кој ќе се остварат неговите долгорочни цели. Фондот вложува во депозити на банки, инструменти на пазарот на пари, и должнички хартии од вредност од најбонитетни издавачи. Порастот на вредноста на имотот кај овој фонд е побавен, но континуиран, додека осцилациите на вредноста практично и не постојат. Приносот по правило е поголем од каматата на депозити по видување, а клиентите највеќе го користат како начин на краткорочен пласман на вишокот на средства.

Вложувањата на средствата на Фондот е во согласност со одредбите од член 66 и 67 од Законот, како и одредбите од Правилникот за дозволени вложувања, ограничувања на вложувањата и пречекорување на ограничувањата за вложување на имотот на отворен фонд донесен од страна на КХВ, кои се релевантни за планираната структура на портфолиото на Фондот.

Дозволени вложувања:
КЛАСА А
- Вложувања во краткорочни и долгорочни должнички хартии од вредност на издавачи од РС Македонија, Хрватска, Србија, Црна Гора, Албанија, Босна и Херцеговина, Украина, Руската Федерација, Казахстан, Бразил, Индија, Кина, Европската Унија, и OECD;
- Вложувањата во должнички хартии од вредност издадени од Република Македонија, земји членки на Европската Унија и OECD може да надминат 35% од имотот на Фондот.

КЛАСА Б
- Вложувања во депозити кај овластени банки од РС Македонија со рок на доспевање пократок од една година.

КЛАСА В
- Вложувања во отворени инвестициски фондови со најниско ниво на ризик кои вложуваат исклучиво во депозити и должнички хартии од вредност под услов да не наплаќаат трошоци за управување повисоки од 1% од нето вредноста на имотот на Фондот.

Целна структура на портфолиото на Фондот

| Класа на имот | А | | Б | | В | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *КБ Инвест – Паричен* | Мин. | Макс. | Мин. | Макс. | Мин. | Макс. |
| | 20% | 65% | 35% | 80% | 0% | 10% |

Во услови на промена на законските и подзаконските прописи, или на состојбата на финансиските пазари, а со цел заштита на интересите на сопствениците на удели во Фондот, по претходно добиено одобрение од страна на КХВ, Друштвото може да ја промени инвестициската политика на Фондот и да ја приспособи на новонастанатите состојби. Во тој случај, Друштвото врши измена и на одредбите од Статутот и Проспектот на Фондот врз основа на претходно добиена согласност од КХВ.

## 4. ПРОФИЛ НА ИНВЕСТИЦИСКИТЕ РИЗИЦИ И УСПЕШНОСТА

### 4.1. Видови инвестициски ризици и нивната поврзаност со вложувањата и структурата на Фондот

Горенаведената стратегија на избор на инструменти од кои се гради портфолиото на Фондот укажува на најниско ниво на ризик.

Инвестирањето во удели на отворени инвестициски фондови, како и вложувањето во кој било друг инструмент на пазарот на капитал, претпоставува преземање одредени ризици, каде меѓу најзначајните се:

#### 4.1.1. Ризик од промена на цените на финансиските инструменти во кои е вложен имотот на фондот (пазарен ризик)

Имотот на Фондот е инвестиран во финансиски инструменти во согласност со стратегијата и ограничувањата на инвестициите наведени во овој Проспект. Нето вредноста на уделот во Фондот зависи од движењето на пазарните цени на хартиите од вредност кои се составен дел на портфолиото на Фондот. Следствено, падот на цената на одделни хартии од вредност ќе влијае врз намалувањето на вредноста на уделот, а со тоа и врз приносот од инвестирањето.

#### 4.1.2. Ризик кој произлегува од промена на каматните стапки

Со оглед на фактот дека значаен дел од портфолиото е инвестиран во должнички хартии од вредност, нивната цена (односно сегашна вредност) се менува во зависност од движењето на приносот до доспевање на должничките хартии од вредност (односно каматните стапки кои сите идни парични текови на должничките хартии од вредност ги сведува на нивната сегашна вредност – цена). Стапката на принос и цената на должничките хартии од вредност се во обратно пропорционален однос: колку е помала стапката на принос, толку е повисока цената на должничката хартија од вредност, и обратно.

Каматен ризик претставува веројатност дека приносот до доспевање на купените должнички хартии од вредност ќе порасне, односно веројатност дека во моментот на продажбата на должничките хартии од вредност приносот до доспевање ќе биде повисок во споредба со оној кога одредената должничка хартија од вредност била купена, а тоа, пак, ќе резултира со капитална загуба. Во услови кога се очекува раст на каматните стапки во претстојниот период, Друштвото ќе настојува да го намали ризикот од промена на каматните стапки преку намалување на времетраењето (duration) на должничките хартии од вредност. Доколку се очекува намалување на каматните стапки, Друштвото преку инвестирање во должнички хартии од вредност со поголемо времетраење (duration) ќе настојува да оствари раст на вредноста на имотот на Фондот. Времетраењето претставува чуствителност на цените на должничките хартии од вредност во однос на промените на каматните стапки. Колку што е помало времетраењето, толку е помала чуствителноста на пазарните цени на хартиите од вредност на промените во каматните стапки.

#### 4.1.3. Кредитен ризик

Кредитниот ризик претставува веројатност дека издавачот нема да биде во состојба, во целост или делумно, да ги подмири своите обврски во моментот кога тие ќе доспеат. Неисполнувањето на обврските би имало влијание на ликвидноста и би ја намалило вредноста на Фондот. Друштвото

управува со кредитниот ризик преку својата инвестициска политика со цел да го минимизира, притоа строго почитувајќи ги постојните ограничувања на вложувањата.

#### 4.1.4. Валутен ризик

Со оглед на фактот дека дел од имотот на Фондот е вложен во хартии од вредност деноминирани во странски валути, истиот тој дел од имотот на Фондот е изложен и на валутен ризик. Имено, депрецијацијата или апрецијацијата на странските валути во однос на домашната валута може да доведе до пад или пораст на вредноста на уделите во Фондот кои, пак, се изразени (односно деноминирани) во домашна валута.

#### 4.1.5. Ризик од предвремено плаќање

Ризикот од „предвремено плаќање" се однесува на можноста издавачот на обврзницата да ја отповика истата пред да истече рокот на достасување. Ова често пати се случува во услови кога општото ниво на каматни стапки се намалува (односно се создаваат поволни услови за рефинансирање на обврските). Ова влијае врз намалување на планираниот принос, бидејќи средствата од откупот ќе треба да бидат реинвестирани по пониски стапки.

#### 4.1.6. Политички ризик

Како резултат на широката географска алокација на имотот на Фондот постои можност евентуалните политички кризи на светските пазари да влијаат на вредноста на имотот. Друштвото го инвестира имотот на Фондот на начин што ќе овозможи што помало изложување на пазарите на кои може да се очекува политичките кризи да имаат поголемо влијание.

#### 4.1.7. Ризик од промена на даночните прописи

Ризикот од промена на даночните прописи претставува веројатност дека законодавната власт, во РС Македонија или во странство, ќе ги промени даночните прописи на начин кој негативно би влијаел на приносот на Фондот. Ризикот од промена на даночните прописи во целост е надвор од доменот на влијание на Друштвото.

#### 4.1.8. Ризик поврзан со ликвидноста

Ризик поврзан со ликвидноста претставува веројатност дека Фондот во одреден момент може да има тешкотии при изнаоѓање средства за да ги подмири обврските поврзани со повлекување удели од Фондот како резултат на неможноста брзо да се продадат финансиските средства по цена приближно еднаква на нивната реална вредност, пред сѐ, поради моменталната неповолна побарувачка на пазарот. Друштвото настојува да го минимизира ваквиот ризик преку вложување во ликвидни хартии од вредност.

| **Вид на ризик** | **Степен на влијание** |
|---|---|
| Пазарен ризик | Низок |
| Ризик од промена на каматни стапки | Низок |
| Кредитен ризик | Низок |
| Валутен ризик | Низок |
| Ризик од предвремено плаќање | Низок |
| Политички ризик | Низок |
| Ризик од промена на даночните прописи | Низок |
| Ризик поврзан со ликвидноста | Низок |

### 4.2. Ризици поврзани со Друштвото и начинот на управување со тие ризици

Друштвото редовно ги мери, односно проценува ризиците што ги има идентификувано во своето работење. Постапките за мерење, односно проценката на ризикот вклучува соодветни квантитативни и/или квалитативни методи за мерење или проценка на ризикот што овозможуваат откривање на промени во профилот на ризик на Друштвото како и појава на нови ризици.

Друштвото конкретно ги следи следните ризици:

#### 4.2.1. Стратешки ризик

Овој ризик се однесува на можноста Друштвото да не може да ги извршува своите деловни процеси поради лошото управување со Друштвото или генерално лошите економски услови во околината. Друштвото преку постојана едукација, унапредување на деловните процеси како и усогласување со промените во законодавната рамка се обидува да го зголеми својот деловен успех.

#### 4.2.2. Репутациски ризик

Ризикот од губење на угледот и негативна јавна перцепција за Друштвото е ризик што може да резултира со зголемување на негативните влијанија врз неговото деловно работење.

#### 4.2.3. Политички ризик

Политички ризик е ризик од влијание на одлуките на јавната власт или централната власт на РС Македонија врз работењето на друштвото. Промени во даночната регулатива, монетарната политика и други слични одлуки можат да влијаат на влошување на деловната средина во која работи Друштвото. Друштвото не може да влијае кон смалување на политичкиот ризик во деловната средина во која работи.

#### 4.2.4. Оперативен ризик

Оперативен ризик значи ризик од загуба што се јавува како резултат на несоодветен или неуспешен внатрешен процес, несоодветни човечки ресурси или надворешни влијанија што се важни за Друштвото. Управувањето со оперативниот ризик означува идентификување, оценување, контролирање и следење и известување за оперативниот ризик.

#### 4.2.5. Ризик од континуитет на адекватност и соодветност

Ризикот од континуитет на адекватност и соодветност може да се појави доколку Друштвото не е финансиски стабилно или лицата назначени на одговорните функции и другите помошни активности во Друштвото не се доволно професионални, доверливи и со добар углед.
Раководството на Друштвото континуирано ќе се грижи за солвентноста на Друштвото, неговата добра репутација, компетентноста на менаџментот и на сите вработени во Друштвото.
Со грижата за професионалниот развој на сите вработени ќе се обезбеди квалитет и доверливост на работата и со тоа ќе се намали можноста за непредвидени настани кои би му наштетиле на угледот на Друштвото.

#### 4.2.6. Ризик од судир на интереси

Ризикот од судир на интереси претставува секоја ситуација во која Друштвото и/или релевантните лица, а особено основачите на Друштвото не се неутрални и објективни во однос на предметот на деловното работење, односно користејќи ја својата специфична позиција во давањето услуги имаат деловни и/или лични интереси кои се поклопуваат со интересите на инвеститорите, што може да влијае на непристрасноста во обезбедувањето и извршувањето на услугите и активности и им наштетуваат на интересите на инвеститорите. Друштвото има пропишано посебни акти со цел минимизирање или целосно елиминирање на овој ризик.

### 4.3. Одобрение за организирање на Фондот

Фондот е основан со Решение од КХВ за давање одобрение за организирање на отворен инвестициски фонд бр. УП1 08-168 од 08.03.2011 година.

### 4.4. Изјава за вложување на повеќе од 35% од имотот на Фондот

Вложувањата во должнички хартии од вредност издадени од РС Македонија, земји членки на Европската Унија и OECD може да надминат 35% од имотот на Фондот.

### 4.5. Вложувања во деривативни финансиски инструменти

Фондот нема да вложува во термински и опциски договори и други деривативни финансиски инструменти со кои се тргува на регулирани пазари и/или деривативни финансиски инструменти со кои се тргува преку шалтер.

### 4.6. Посебни техники на управување со средства

Друштвото нема да користи посебни техники на управување со средства.

### 4.7. Изјава за дозволени вложувања на имотот на Фондот

Инвестициската цел на Фондот е преку вложувањата во овластени банки, инструменти на пазарот на пари и должнички хартии од вредност од најбонитетни издавачи да се обезбеди постојана ликвидност на придружена со континуиран пораст на цената на уделот со најниска волатилност.

### 4.8. Реплицирање на пазарен индекс

Инвестициската политика на Фондот не вклучува реплицирање на одреден пазарен индекс.

### 4.9. Волатилност на нето вредноста на имотот на Фондот

Волатилноста на нето вредноста на имотот на Фондот се пресметува согласно Одлуката за утврдување на начинот на пресметување на приносот по удел во отворен инвестициски фонд и за пресметување на волатилноста на инвестициски фонд донесена од страна на КХВ.
Заклучно со 30.6.2024 година стандардната девијација на Фондот изнесува 0,2265% на годишна основа. Повисоката волатилност по правило укажува на поголеми флуктуации на цената на уделот и обратно. Волатилноста на Фондот е директно поврзана со структурата на портфолиото, односно со волатилноста на финансиските инструменти кои се вклучени во него. Индикатор за синтетички ризик и принос се мери на скала од 1 (најниско) до 7 (највисоко) и ја утврдува ризичната класа на Фондот. Фондот припаѓа во ризичната класа 1, во која се категоризираат фондовите со стандардна девијација во интервал помеѓу 0% и 0,5% на годишна основа.
Податокот за волатилноста и ризичната класа е составен дел на сите периодични извештаи што ги изготвува Друштвото за Фондот, а се објавува на интернет-страницата на Друштвото.

### 4.10. Начинот и времето на пресметка на нето вредноста на имотот на Фондот, како и основата врз која се пресметува нето вредноста на Фондот

Нето вредноста на имотот на Фондот се утврдува како разлика помеѓу вредноста на имотот на Фондот (односно пазарната вредност на финансиските инструменти во кои се вложени средствата на Фондот) и вредноста на вкупните обврски на Фондот, и се пресметува согласно со Правилникот за утврдување на нето вредноста на имотот на отворен и затворен инвестициски фонд и за пресметување на нето вредноста на имотот по удел или по акции во инвестицискиот фонд донесен од страна на КХВ. Нето вредноста на имотот на Фондот се пресметува секој работен ден за секој ден од годината и се искажува во денари по средниот курс на Народна банка на РС Македонија за денот за кој се врши пресметувањето. Ден на вреднување на имотот на Фондот (Т-1) е денот кој му претходи на денот (Т) во текот на кој се пресметува нето вредноста на имотот по удел на Фондот.
Друштвото ја пресметува нето вредноста по удел во Фондот секој работен ден за секој ден од годината, најдоцна до 16:00 часот. Ден на пресметка е денот на кој се пресметува нето вредноста на имотот на Фондот. Нето вредноста по удел е нето вредност на имотот на отворениот фонд поделена со бројот на уделите на Фондот на денот на вреднување.

### 4.11. Време, начин и зачестеност на пресметка на цените на уделите, како и начин на објавување на тие цени, опис на износот и зачестеноста на плаќањето на дозволените надоместоци и трошоци за издавање и откуп на уделите

Вредноста на поединечниот удел во Фондот ја утврдува Друштвото секој работен ден за секој ден од годината, а пресметувањето го контролира и потврдува Депозитарната банка. Продажната цена на уделите се искажува како број со четири децимали.

Нето вредноста на имотот на Фондот се утврдува така што прво се утврдува пазарната вредност на инструментите во кои е вложен имотот на Фондот. Пазарната вредност се одредува по важечките пазарни цени и девизни курсеви. За секој имот на Фондот за кој не е достапна пазарната вредност, односно не постојат сигурни и релевантни информации за пазарните цени, пазарната вредност на имотот на Фондот се проценува со примена на методологијата на проценка во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди. Од така утврдената пазарна вредност на Фондот се одзема вредноста на обврските на Фондот и трошоците кои согласно овој Проспект се одземаат од имотот на Фондот.
Цените и трошоците се достапни во седиштето на Друштвото и секојдневно се објавуваат на неговата интернет-страница. Динамиката на известување соодветствува на начинот и местото на комуникација.

## 5. ИСТОРИСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРИНОСОТ НА ФОНДОТ

Заклучно со 30.6.2024 година приносот од основање (18.5.2011) изнесува 38,66%.
Приносот во минатото има информативен карактер и не претставува индикација за можниот принос во иднина. Остварениот принос во минатото е изразен по одбивањето на сите трошоци кои се наплатуваат на товар на имотот на Фондот.







## 6. НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ТРОШОЦИТЕ НА ТОВАР НА ИМОТОТ НА ФОНДОТ И ИНВЕСТИТОРОТ

На товар на имотот на Фондот се пресметуваат следните трошоци и надоместоци:

- Надоместок за управување;
- Надоместок на Депозитарната банка;
- Трошоци поврзани со купопродажба на имот на Фондот;
- Други трошоци кои ќе произлезат во текот на работењето.

Трошоците за објавување (во оваа група спаѓаат трошоците за објавување Проспект, финансиски извештаи и цена на уделот, како и трошоци за останати задолжителни објавувања согласно Законот), како и трошоците за печатење обрасци за запишување удели нема да се наплатуваат и тие се на товар на Друштвото.
Идното намалување или зголемување на надоместоците и трошоците кои паѓаат на товар на имотот на Фондот би влијаеле соодветно позитивно или негативно на остварениот принос од вложувањето, односно на идните приходи на вложувачите.

### 6.1. Надоместок за управување на Друштвото

На годишно ниво Друштвото наплатува надоместок за управување со средствата во висина од 1,0% од вредноста на имотот на Фондот пресметан согласно законските и подзаконските акти и тој во целост му припаѓа на Друштвото.

### 6.2. Надоместок на депозитарната банка и евентуално други лица

Друштвото на товар на имотот на Фондот плаќа надоместоци и трошоци на Депозитарната банка за работите што се дефинирани во договорот со Депозитарната банка, Законот, Статутот и Проспектот на Фондот и Тарифата за надоместоци и трошоци за вршење работи на Депозитарната банка. На товар на имотот на Фондот, Друштвото на Депозитарната банка ѝ плаќа надоместок од 0,17% на годишно ниво од висината на вредноста на имотот на Фондот на денот на вреднување.
Исто така, на товар на имотот на Фондот, Друштвото на Депозитарната банка ѝ плаќа за трошоците за субдепозитарна банка. Износот на овие трошоци е еднаков на реално остварените трошоци.

### 6.3. Трошоци поврзани со купопродажба на имот на Фондот

Во оваа група спаѓаат сите трошоци поврзани со купување и продавање имот на Фондот, како што се:

- Трошоци за брокерски провизии;
- Берзанска такса;
- Централен депозитар за хартии од вредност;
- Даноци и
- Други трошоци поврзани со порамнување на трансакциите.

Износот на овие трошоци е еднаков на реално остварените трошоци кои произлегуваат од договорите, односно тарифниците на релевантните институции, и истите се на товар на имотот на Фондот. Трошоците за купување и продавање можат да се разликуваат во зависност од типот на хартиите од вредност и големината на налозите.

### 6.4. Други трошоци кои ќе произлезат во текот на работењето

Останати трошоци кои ќе произлезат во текот на работењето, а се на товар на имотот на Фондот:

- Трошоци за ревизија на финансиските извештаи на Фондот;
- Трошоци за исплата на даноци на отворениот фонд;
- Трошоци за месечен надомест на КХВ; и
- Други трошоци утврдени со закон.

Износот на останатите трошоци е еднаков на реално остварените трошоци кои произлегуваат од договорите, односно тарифниците на релевантните институции.

### 6.5. Надоместок за издавање и откуп на удели

Надоместок за издавање удели (или т.н. влезна провизија или entry fee) и надоместок за откуп на удели (или т.н. излезна провизија или exit fee) нема да се наплатува.

### 6.5.1. Еднократни уплати или Нееднакви удели

Инвеститорот има можност да врши еднократни уплати или пак нееднакви уплати каде што инвеститорот одлучува за висината на вкупниот влог и начинот на уплати. Нееднаквите уплати завршуваат во моментот кога ќе се уплати вкупната договорена сума. Инвеститорот може да ги прекине нееднаквите уплати со поднесување целосен откуп на удели во Фондот, пред неговото комплетирање.

### 6.6. Надоместок за замена на удели

Сопствениците на удели може да извршат замена на уделите од еден фонд во друг фонд управуван од страна на Друштвото со поднесување Барање за замена на удели согласно правилата во Проспектите коишто важат за откуп и купување на удели.
При замената на удели, Друштвото ја наплаќа разликата помеѓу влезните провизии на фондовите помеѓу кои се врши замена. Друштвото ја наплаќа и разликата помеѓу предвидените излезни провизии доколку се врши замена на удели од фонд со повисока излезна провизија во фонд со пониска излезна провизија или без излезна провизија.

При замена на уделите од еден фонд во друг, не доаѓа до прекин на веќе започнатиот план, а секоја замена на удели ќе се смета како еднократна уплата кадешто рокот за пресметка на излезна провизија започнува да тече отпочеток.
Замената на удели не е ограничена временски, по број или според вредност.

## 7. ЦЕЛЕН ПАЗАР И СТРУКТУРА НА ВЛОЖУВАЊАТА НА ФОНДОТ СО СОСТОЈБА НЕ ПОСТАРА ОД 2 ДЕНА ОД ДЕНОТ НА НОСЕЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ, ОДНОСНО НЕГОВИТЕ ИЗМЕНИ

Портфолиото на Фондот најмногу се состои од инструменти со фиксен доход (депозити и државни обврзници) додека изложеноста ќе биде најмногу насочена кон домашни субјекти.

**СТРУКТУРА НА ВЛОЖУВАЊАТА НА ФОНДОТ НА ДЕН 30.6.2024**
**КБ Инвест – Паричен**
**Идентификациски број: 9120000000165**

| позиција | број на акции | набавна цена по акција | вкупно набавна цена | вредност на датумот на извештајот | вредност по акција | учество во сопственоста на издавачот (%) | учество во имотот на фондот (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **АКЦИИ** | | | | | | | |
| Обични акции | | | | | | | |
| Приоритетни акции | | | | | | | |
| Акции на затворени инвестициски фондови | | | | | | | |
| **Вкупно акции од домашни издавачи** | | | | | | | |
| Обични акции | | | | | | | |
| Приоритетни акции | | | | | | | |
| Акции на затворени инвестициски фондови | | | | | | | |
| **Вкупно акции од странски издавачи** | | | | | | | |

| Позиција | номинална вредност | набавна цена | вредност на датумот на извештајот | учество во сопственоста на издавачот (%) | учество во имотот на фондот (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОБВРЗНИЦИ** | | | | | |
| MKMINF20GA55 | 50.000.000,00 | 49.988.022,51 | 51.772.274,66 | | 1,35% |
| MKMINF20GA97 | 50.000.000,00 | 49.989.140,51 | 51.679.436,36 | | 1,35% |
| MKMINF20GAG7 | 60.000.000,00 | 59.985.945,06 | 62.990.554,29 | | 1,65% |
| MKMINF20GAR4 | 40.000.000,00 | 40.000.000,00 | 41.110.734,22 | | 1,07% |
| MKMINF20GC53 | 10.000.000,00 | 9.999.300,54 | 10.156.986,65 | | 0,27% |
| MKMINF20GO34 | 11.910.000,00 | 11.911.038,12 | 12.098.867,83 | | 0,32% |
| MKMINF20GS22 | 35.840.000,00 | 35.843.655,14 | 36.227.840,63 | | 0,95% |
| MKMINF20GS71 | 65.000.000,00 | 65.003.092,77 | 65.264.755,89 | | 1,71% |
| MKMINF20GS89 | 11.979.305,45 | 11.972.214,85 | 12.472.448,24 | | 0,33% |
| MKMINF20GT39 | 87.420.000,00 | 87.424.223,86 | 89.113.531,34 | | 2,33% |
| XS1744744191 | 18.460.500,00 | 18.399.608,08 | 18.660.343,30 | | 0,49% |
| XS1744744191 | 18.460.500,00 | 18.263.878,55 | 18.587.803,31 | | 0,49% |
| XS1744744191 | 61.535.000,00 | 60.948.756,40 | 61.996.362,13 | | 1,62% |
| XS1744744191 | 30.767.500,00 | 30.433.946,13 | 30.976.539,28 | | 0,81% |
| XS1744744191 | 12.307.000,00 | 12.244.090,17 | 12.428.318,32 | | 0,32% |
| XS1744744191 | 18.460.500,00 | 18.385.312,37 | 18.652.714,97 | | 0,49% |
| XS1744744191 | 12.307.000,00 | 12.265.726,00 | 12.439.866,40 | | 0,33% |
| XS1744744191 | 12.307.000,00 | 12.283.384,29 | 12.449.284,35 | | 0,33% |
| XS1744744191 | 12.307.000,00 | 12.236.674,50 | 12.424.358,00 | | 0,32% |
| XS2181690665 | 6.153.500,00 | 6.111.877,54 | 6.140.807,27 | | 0,16% |
| XS2181690665 | 6.153.500,00 | 6.111.636,95 | 6.140.614,33 | | 0,16% |
| XS2181690665 | 30.767.500,00 | 31.137.942,07 | 31.167.108,22 | | 0,81% |
| XS2181690665 | 12.307.000,00 | 12.442.857,12 | 12.457.000,41 | | 0,33% |
| XS2181690665 | 18.460.500,00 | 18.652.651,51 | 18.676.203,93 | | 0,49% |
| XS2181690665 | 30.767.500,00 | 31.106.577,71 | 31.142.049,51 | | 0,81% |
| XS2310118893 | 30.767.500,00 | 27.043.305,75 | 27.309.735,63 | | 0,71% |
| XS2310118893 | 18.460.500,00 | 16.063.425,00 | 16.286.150,51 | | 0,43% |
| XS2310118893 | 38.582.445,00 | 33.702.249,75 | 34.204.083,44 | | 0,89% |
| XS2310118893 | 12.307.000,00 | 11.164.289,05 | 11.357.922,97 | | 0,30% |
| XS2310118893 | 6.153.500,00 | 5.711.159,04 | 5.794.354,40 | | 0,15% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| XS2310118893 | 18.460.500,00 | 17.298.054,62 | 17.529.980,35 | | 0,46% |
| XS2310118893 | 18.460.500,00 | 17.298.540,56 | 17.530.413,89 | | 0,46% |
| XS2310118893 | 12.307.000,00 | 11.654.543,49 | 11.795.883,39 | | 0,31% |
| XS2310118893 | 18.460.500,00 | 17.543.191,45 | 17.748.503,48 | | 0,46% |
| XS2310118893 | 61.535.000,00 | 59.349.505,58 | 59.937.847,59 | | 1,57% |
| XS2310118893 | 61.535.000,00 | 59.612.176,81 | 60.171.330,43 | | 1,57% |
| XS2310118893 | 123.070.000,00 | 122.077.158,58 | 122.874.200,22 | | 3,21% |
| XS2310118893 | 30.767.500,00 | 30.424.756,49 | 30.634.765,06 | | 0,80% |
| XS2310118893 | 12.307.000,00 | 12.154.780,95 | 12.240.500,19 | | 0,32% |
| XS2310118893 | 12.307.000,00 | 12.158.873,10 | 12.244.128,21 | | 0,32% |
| XS2310118893 | 6.153.500,00 | 6.092.709,50 | 6.133.829,88 | | 0,16% |
| XS2310118893 | 12.307.000,00 | 12.132.288,50 | 12.220.556,21 | | 0,32% |
| XS2582522681 | 30.767.500,00 | 31.519.919,93 | 32.065.378,31 | | 0,84% |
| XS2582522681 | 92.302.500,00 | 96.057.000,00 | 97.850.788,79 | | 2,56% |
| XS2582522681 | 18.460.500,00 | 19.264.314,30 | 19.618.495,74 | | 0,51% |
| XS2582522681 | 61.535.000,00 | 64.029.034,77 | 65.230.214,01 | | 1,71% |
| XS2582522681 | 30.767.500,00 | 31.998.408,75 | 32.607.776,09 | | 0,85% |
| XS2582522681 | 12.307.000,00 | 13.009.007,70 | 13.146.253,72 | | 0,34% |
| XS2582522681 | 18.460.500,00 | 19.498.704,75 | 19.706.459,84 | | 0,52% |
| Државни обврзници | | 1.469.998.951,20 | 1.493.466.356,18 | | 39,06% |
| Обврзници на локалната самоуправа | | | | | |
| Обврзници од трговски друштва | | | | | |
| **Вкупно обврзници од РМ и домашни издавачи** | | | **1.493.466.356,18** | | **39,06%** |
| XS1807201899 | 18.460.500,00 | 18.474.929,06 | 18.596.583,41 | | 0,49% |
| XS1843443356 | 30.767.500,00 | 30.845.009,23 | 31.179.922,32 | | 0,82% |
| XS1843443356 | 123.070.000,00 | 121.778.745,00 | 123.742.739,33 | | 3,24% |
| XS1909184753 | 6.153.500,00 | 6.327.756,82 | 6.408.672,41 | | 0,17% |
| XS1909184753 | 30.767.500,00 | 30.799.624,53 | 31.392.864,63 | | 0,82% |
| XS1909184753 | 61.535.000,00 | 62.247.086,49 | 63.288.888,24 | | 1,65% |
| XS2270576700 | 12.307.000,00 | 12.030.292,03 | 12.259.506,52 | | 0,32% |
| Државни обврзници | | 282.503.443,16 | 286.869.176,86 | | 7,51% |
| Обврзници на локалната самоуправа | | | | | |
| Обврзници од трговски друштва | | | | | |
| **Вкупно обврзници од странски издавачи** | | | **286.869.176,86** | | **7,51%** |

| **позиција** | **номинална вредност** | **набавна цена** | **вредност на датумот на извештајот** | **учество во сопственоста на издавачот (%)** | **учество во имотот на фондот (%)** |
|---|---|---|---|---|---|
| **ОСТАНАТИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | | | | | |
| Државни записи | | | | | |
| Благајнички записи | | | | | |
| Удели во отворени инвестициски фондови | | | | | |
| Други ненаведени хартии од вредност | | | | | |
| **Вкупно останати ХВ од домашни издавачи** | | | | | |
| Државни записи | | | | | |
| Благајнички записи | | | | | |
| ROIF91000040 | 512.373,14 | 59.963.233,90 | 60.714.629,11 | | 1,59% |
| ROIF91100097 | 1.247.843,55 | 161.326.247,35 | 162.873.282,43 | | 4,26% |
| ROIF91400204 | 338.747,36 | 35.232.705,85 | 35.657.867,70 | | 0,93% |
| Удели во отворени инвестициски фондови | | | 259.245.779,25 | | 6,78% |
| Други ненаведени хартии од вредност | | | | | |
| **Вкупно останати ХВ од странски издавачи** | | | **259.245.779,25** | | **6,78%** |

| **позиција** | **набавна цена** | **вредност на датумот на извештајот** | **учество во имотот на** |
|---|---|---|---|

| | | | фондот (%) |
|---|---|---|---|
| **ПЛАСМАНИ И ДЕПОЗИТИ** | | | |
| КАПИТАЛ 0307-1508/1 | 270.000.000,00 | 270.717.836,34 | 7,08% |
| СБТ ДП2023/216 | 100.000.000,00 | 100.302.130,62 | 2,62% |
| СБТ ДП2023/224 | 71.000.000,00 | 71.196.229,05 | 1,86% |
| СБТ ДП2023/300 | 320.000.000,00 | 321.259.016,39 | 8,40% |
| СБТ ДП2024/3 | 100.000.000,00 | 100.319.672,39 | 2,62% |
| СИЛК ФИКСЕН 12 | 100.000.000,00 | 100.319.672,00 | 2,62% |
| СИЛК ФЛЕКСИ 11 | 200.000.000,00 | 200.631.147,57 | 5,25% |
| ТТК ДП2023/203 | 30.000.000,00 | 30.099.372,04 | 0,79% |
| ТТК ДП2023/204 | 150.000.000,00 | 150.412.499,67 | 3,93% |
| ХАЛК ДП2024/7 | 140.000.000,00 | 140.014.535,88 | 3,66% |
| Краткорочни депозити | | 1.485.272.111,94 | 38,83% |
| Долгорочни депозити | | | |
| Останати пласмани | | | |
| **Вкупно пласмани и депозити** | | **1.485.272.111,94** | **38,83%** |

| позиција | набавна цена | позитивна вредност на датумот на извештајот | негативна вредност на датумот на извештајот | учество во имотот на фондот (%) | учество во обврските (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| **ДЕРИВАТИВНИ ИНСТРУМЕНТИ** | | | | | |
| **Вкупно деривативни инструменти** | | | | | |

| позиција | колатерал ISIN | номинална вредност | вредност на датумот на извештајот | учество во имотот на фондот (%) | вредност на колатералот |
|---|---|---|---|---|---|
| **РЕПО ДОГОВОРИ (АКТИВА)** | | | | | |
| **Вкупно деривативни инструменти** | | | | | |

**СТРУКТУРА НА ВЛОЖУВАЊАТА НА ФОНДОТ ПО ВИДОВИ ИМОТ НА ДЕН 30.6.2024**
**КБ Инвест – Паричен**
**Идентификациски број: 9120000000165**

| позиција | вредност на датумот на извештајот | учество во имотот на фондот (%) |
|---|---|---|
| акции | 0,00 | 0,00% |
| обврзници | 1.780.335.533,04 | 50,11% |
| останати хартии од вредност | 259.245.779,25 | 7,75% |
| пласмни и депозити | 1.485.272.111,94 | 41,48% |
| останати средства | 389.240,00 | 0,00% |
| пари и парични еквиваленти | 299.690.040,91 | 0,66% |
| **Вкупно средства** | **3.824.932.705,14** | **100,00%** |
| деривативни инструменти | | |
| репо договори | | |

## 8. ЦЕЛНА ГРУПА НА ИНВЕСТИТОРИ ЗА КОИ Е НАМЕНЕТО ВЛОЖУВАЊЕТО ВО ОВОЈ ФОНД СОГЛАСНО НИВНИТЕ МОТИВИ ЗА ВЛОЖУВАЊЕ И ИНВЕСТИЦИСКИОТ ХОРИЗОНТ, НИВНОТО ПОЗНАВАЊЕ НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ, КАКО И ТОЛЕРАНЦИЈАТА НА РИЗИКОТ ОД ВЛОЖУВАЊЕТО ВО ФОНДОТ

Фондот првенствено е наменет за вложувачи со инвестициски хоризонт на краток рок и низок степен на толеранција кон ризикот. Порастот на вредноста на имотот кај овој фонд е побавен, но континуиран, додека осцилациите на вредноста практично и не постојат. Целта е да се заштити вложувањето од пазарните осцилации, и да се осигура инстантна ликвидност придружена со постојан раст на вредноста, односно стабилен принос.

Сопственици на удели во Фондот можат да бидат домашни и странски институционални и индивидуални инвеститори на кои им е дозволено да вложуваат согласно законската регулатива. Единствено ограничување е минималниот износ на почетното вложување. Инвестициската стратегија на Фондот и изборот на финансиски инструменти сугерира вложување на краток рок без однапред дефиниран период на инвестирање, односно Фондот е наменет за инвеститори кои сакаат да ги вложат своите средства на период пократок од 1 година.

## 9. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ГОДИНА

Фискалната година трае од 1 јануари до 31 декември.

## 10. ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ

Датум на издавање на Проспектот на Фондот е 2.7.2024 година.

# II) ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОВИ

## 1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО

Со Фондот управува Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови КБ Инвест АД Скопје со седиште на ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 50, Скопје, РС Македонија. Матичен број на Друштвото е 6443532. Друштвото е основано на неопределено време чиј Статут е усвоен на ден 27.8.2008 година и одобрен од КХВ со Решение бр. 07-3453/9 од 19.12.2008 година. Друштвото е запишано во Трговскиот регистар на Централниот регистар на РС Македонија на ден 15.1.2009 година.

## 2. ФОНДОВИ СО КОИ УПРАВУВА ДРУШТВОТО

Друштвото управува со вкупно 6 (шест) отворени инвестициски фондови и тоа:

| Вид на фондот | Назив на фондот | Датум на почеток со управување | Нето вредност на имотот (во МКД) | Број на сопственици на удели | Број на удели во оптек | Цена на удел (во МКД) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| о.и.ф | КБ Инвест – Балансиран | 22.06.2009 | 837.926.947,00 | 1.032 | 4.002.188,6538 | 209,3672 |
| о.и.ф | КБ Инвест – Обврзници | 25.03.2011 | 506.654.221,76 | 229 | 3.430.878,0875 | 147,6748 |
| о.и.ф | КБ Инвест – Паричен | 18.05.2011 | 3.808.910.101,33 | 523 | 27.469.226,9107 | 138,6610 |
| о.и.ф | КБ Инвест – МБИ 10 | 01.04.2017 | 1.232.297.816,32 | 417 | 3.712.012,6956 | 331,9756 |
| о.и.ф | КБ Инвест – Акции | 01.04.2021 | 197.990.372,66 | 675 | 1.774.212,1316 | 111,5934 |
| о.и.ф | КБ Инвест – Златен | 01.04.2021 | 316.399.263,20 | 294 | 3.323.834,1051 | 95,1911 |

Прикажаната состојба е заклучно со ден 30.6.2024 година.

## 3. ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА ДРУШТВОТО

**Горан Марковски, главен извршен директор.** Во 1999 година дипломира на Економскиот факултет во Скопје, на отсекот Финансиски менаџмент и сметководство. Во 2002 година магистрира на истиот факултет, на темата: „Инвестиционите фондови и нивните перспективи во Република Македонија". Од 2006 година поседува CFA сертификат, како и дозвола за портфолио менаџер издадена од КХВ на Србија. Од 2008 поседува дозвола за инвестициски советник издадена од КХВ на Македонија. Од 1999 до 2002 година работи во Комерцијална банка АД Скопје како службеник за односи со клиенти. Од 2002 до 2005 година работи како финансиски аналитичар во КБ Брокер. Од 2005 до 2008 година работи како директор на Дирекцијата за работа со останати финансиски инструменти. Во 2007 работи во Фокусинвест АД Белград како портфолио менаџер. Од 2008 година работи како директор на Дирекцијата за вршење услуги со хартии од вредност. Функцијата на главен извршен директор на КБ Инвест АД Скопје ја извршува од формирањето на Друштвото. Член е на Надзорниот одбор на ГД Гранит АД Скопје, а во последните пет (5) години и на надзорниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје и Динерс Клуб Интернационал МАК АД Скопје. Во последните пет (5) години бил малцински акционер во Тутунска банка АД Скопје, додека во моментот е малцински акционер во Комерцијална банка АД Скопје, Стопанска банка АД Битола и УНИ банка АД Скопје.

**Андреј Пулејков, извршен директор.** Во 2005 година ги завршува интегрираните студии на Факултетот за економија и бизнис админитрација, Maastricht University, во Холандија и се стекнува со звање магистер по економски науки. Во рамки на интегрираните студии ја завршува програмата по Европски менаџмент на Rouen Business School, во Руен, Франција. Од почетокот на 2005 до средината на 2006 година работи како финансиски аналитичар во Друштвото за управување со приватни фондови DFE Partners AG од Швајцарија. Од 2007 година до денес предавал на две приватни високообразовни институции во Македонија на предмети од областа на економијата и финансиите. Во периодот 2007–08 година работи на повеќе проекти финансирани од меѓународни донатори. Во 2008 година се стекнува со дозвола за инвестициски советник издадена од КХВ на Македонија. Од 2009 година работи како портфолио менаџер во КБ Инвест АД Скопје. Во последните пет (5) години Членот на Одборот на директори е малцински акционер во Комерцијална банка АД Скопје и не членува(л) во органи на управување на други друштва.

**Ирена Живковиќ-Зарева, претседател и неизвршен член на Одборот на директори.** Дипломирала во 1994 година на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во 2005 година положила правосуден испит. Од 1995 до 2003 година работи во Министерството за финансии прво како Советник за правни работи во Секторот за меѓународни финансии, а потоа и како Советник на Министерот за финансии. Од 2003 година работи во Комерцијална банка АД Скопје неколку месеци како Координатор во Секторот за правни работи, а од 2004 година до денес како директор на Дирекцијата за управување и информирање.

**Александер Мавко, неизвршен член на Одборот на директори.** По завршувањето на студиите на Правниот факултет во Марибор се стекнува со звање магистер по правни науки. Од 2005 година до денес работи како правен советник во Публикум д.д. Љубљана, Словенија. Од 2010 година работи како Правен застапник и член на Одборот на ALTA Skupina d.d. Ljubljana, додека од 2016 година е член на Одборот на ALTA Invest d.d. Ljubljana. Во периодот 2016 – 2019 година беше член на Одборот на ALTA Skladi d.d. Ljubljana. Александер Мавко има повеќе од 15 години професионално искуство главно во сферата на пазарите на капитал и финансиските инструменти. Тој е автор на повеќе научни статии од областа на инсајдерското тргување и манипулациите на пазарите на капитал. Членот на Одборот на директори во последните пет (5) години до денес е содружник во Makaki d.o.o., Runkova 22, Ljubljana, Slovenia со 1/3 од капиталот на Друштвото. Во последните пет (5) години е член на Одборот на директори во ALTA Skupina d.d., Železna cesta 18, Ljubljana, Slovenia (до јули 2022); ALTA Invest d.d., Železna cesta 18, Ljubljana, Slovenia (до јули 2022); ALTA Skladi d.d., Železna cesta 18, Ljubljana, Slovenia (до 2019) и Publikum PDU d.o.o., Miklošičeva 38, Ljubljana, Slovenia (до 2018).

**Маја Николовска, независен и неизвршен член на Одборот на директори.** Во 2009 година дипломира на Универзитет Американ Колеџ во Скопје, на отсекот Менаџмент. Во 2011 година магистрира Бизнис и администрација (MBA) во Лондон на London School of Business and Finance. Од почетокот на 2012 до средината на 2014 година работи како стручен соработник во претставништво на познати мултинационални фармацевтски компании – PharmaSwiss од Швајцарија. Од 2014 година работи како менаџер за бизнис развој за фармација во Промедика ДООЕЛ Скопје. Во последните пет (5) години до денес е содружник со 50% учество во Друштво за трговија и услуги Про-Висион ДОО Скопје, 25% учество во Промедика Медикал Естетик ДОО Скопје и со 25% учество во Друштво за трговија, производство и услуги ПРОМЕДИКА ДОО Скопје. Од 2022 година ја извршува функцијата управител во ПЗУ Промедика Медикал Центар Скопје, ПЗУ Промедика Прима Скопје, Промедика Медикал Естетик ДОО Скопје и Друштво за трговија, производство и услуги Промедика ДОО Скопје.

Членовите на Одборот на директори се именувани со мандат од четири (4) години.
На ниеден член на Одборот на директори не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност во областа на правото, банкарството, сметководството,

осигурувањето, управувањето со средства и инвестирање, управувањето со пензиски фондови или други финансиски услуги во последните пет години, ниту пак бил член на Одбор на директори, односно управен и надзорен одбор на правно лице против кое е поведена претстечајна, стечајна или ликвидациска постапка во последните пет години.
Исто така, ниту еден член на Одборот на директори не поседува сопствено учество во основната главнина на Друштвото и во гласачката структура на Друштвото.

## 4. ОСНОВНА ГЛАВНИНА И АКЦИОНЕРИ КОИ ИМААТ КВАЛИФИКУВАНО УЧЕСТВО ВО ДРУШТВОТО

Основната главнина на Друштвото изнесува 700.000,00 евра, односно во противвредност од 42.895.310,00 денари.
Основната главнина е поделена на 700 обични акции, со номинален износ од 1.000,00 евра. Акциите гласат на име и секоја акција дава право на 1 (еден) глас. Акционерската структура на акционери со квалификувано учество во Друштвото е прикажана во табелата подолу:

| Назив и седиште на акционерот | Број на акции | Учество во вкупниот број акции со право на глас во Друштвото (во %) |
|---|---|---|
| Комерцијална банка АД Скопје<br>ул. „Васил Иљоски" бр. 3, Скопје, РС Македонија | 549 | 78,43% |
| Publikum Holding DOO Ljubljana<br>Miklosiceva cesta 38, Ljubljana, Slovenia | 99 | 14,14% |
| Останати | 52 | 7,43% |
| ВКУПНО | 700 | 100% |

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО КОЕ ДЕЛУВА КАКО СОВЕТНИК НА ФОНДОТ

Друштвото не соработува со кое било друштво кое делува како советник на Фондот.

## 6. БИТНИ ОДРЕДБИ ОД ДОГОВОРОТ СО ДЕПОЗИТАРНАТА БАНКА

Друштвото со депозитарната банка има склучено Договор за вршење на активности на депозитарна банка во којшто подетално се уредени правата и обврските помеѓу договорните страни. Банката ги врши работите согласно договорот и законот и е одговорна пред Друштвото, за штетата настаната од невршење или неправилно вршење на работите дефинирани со договорот и закон.
Податоците за сопствениците на удели, како и уплатите и исплатите кои и се достапни, депозитарната банка ги чува како деловна тајна  како и е должна своето работење да го организира со цел безбедно чување на деловната тајна, доверливите податоци и заштита од нивна злоупотреба.
Согласно договорот, Друштвото со склучувањето на трансакции на финансискиот пазар, без разлика дали станува збор за продажба или купување на хартии од вредност, девизи, заклучување на договори за депозити, и други трансакции, се потпира исклучиво на сопствени проценки на пазарните движења и анализи, така што депозитарната банка на ниту еден начин не делува како советник на Друштвото ниту поттикнува склучување на било какви финансиски трансакции кои се предмет на договорот.

## 7. ДРУГИ ВАЖНИ АКТИВНОСТИ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ

Друштвото не извршува други активности освен работи поврзани со управување на отворени инвестициски фондови.

## 8. ЛИСТА НА ЛИЦАТА СО КОИ ДРУШТВОТО ИМА СКЛУЧЕНО ДОГОВОР ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ АКТИВНОСТИ

Друштвото има склучено договор со Друштвото за финансиско советување Капитал Финансиски Центар ДООЕЛ Скопје со седиште на бул. Свети Климент Охридски бр. 24/2-2, Скопје за пренос на

административни работи кои се однесуваат на воспоставување и одржување на односи со вложувачите.

### 9. ЛИСТА НА ПОДРУЖНИЦИ НА ДРУШТВОТО

Друштвото својата дејност ја извршува во седиштето на ул. Св Кирил и Методиј бр.50, Скопје. Друштвото нема основано подружници.

### 10. МЕСТО ЗА МОЖЕН УВИД ВО ОПШТИТЕ АКТИ НА ДРУШТВОТО

Увид во општите акти на Друштвото (Статутот и измените на Статутот, годишните финансиски извештаи и полугодишните финансиски извештаи) може да се изврши во седиштето на Друштвото.

## III) ПОДАТОЦИ ЗА ДЕПОЗИТАРНАТА БАНКА

A. Депозитарна банка на Фондот е Комерцијална банка АД Скопје, со седиште на ул. „Васил Иљоски" бр. 3, Скопје, РС Македонија. Депозитарната банка ги чува средствата на Фондот и контролира дали Фондот располага со средствата во согласност со Законот и Статутот на Фондот. Изборот на депозитарна банка е одобрен со Решението на КХВ број УП1 08-3 од 04.03.2021 година. Депозитарната банка има добиено согласност од Народната банка на РС Македонија за вршење на активноста банка чувар на имот. Депозитарната банка и Друштвото дејствуваат самостојно и независно и единствено во интерес на вложувачите во Фондот.

B. Комерцијална банка АД Скопје дејноста на депозитарната банка ја извршува самостојно во рамките на Секторот за ликвидност и финансиски пазар, Дирекција за вршење на старателски работи и нема склучено договор за пренесување на активностите на трето лице.

C. Изјава на депозитарната банка дека сите ажурирани информации од точките погоре ќе им бидат дадени на сите инвеститори во уделите на нивно барање.

## ИЗЈАВА ОД ДЕПОЗИТАРНА БАНКА

A. Комерцијална банка АД Скопје, со седиште на ул. „Васил Иљоски" бр. 3, Скопје, Република Северна Македонија е депозитарна банка на отворениот инвестициски фонд КБ Инвест – Паричен.

Депозитарната банка има добиено согласност од Народната банка на Република Северна Македонија за вршење на активноста банка чувар на имот со Решение бр.2064 од 24.03.2008 година издадено од НБРМ.

Депозитарната банка ги врши следниве работи:

- чување на имотот на фондот,
- врши проверка дали издавањето и откупот на удели за сметка на фондот се врши согласно закон и правилата на фондот,
- врши проверка дали пресметката на нето вредноста на уделите во фондот, е во согласност со закон, поблиските прописи донесени врз основа на закон и во согласност со проспектот и статутот на фондот,
- ги извршува налозите од друштвото за управување во врска со трансакциите со хартиите од вредност и другиот имот кој го сочинува портфолиото на инвестицискиот фонд, под услов да не се во спротивност со закон, со прописите донесени од Комисијата за хартии од вредност, со проспектот и статутот на фондот,
- осигурува дека трансакциите со хартиите од вредност ќе бидат намирени, односно достасаните парични побарувања ќе бидат наплатени во законските или договорените рокови,
- го известува друштвото за управување за активностите кои се однесуваат на имотот на инвестицискиот фонд и ги извршува неговите налози,
- ги наплатува сите приходи и други права кои достасуваат во корист на инвестицискиот фонд, а кои произлегуваат од неговиот имот,
- осигурува дека приходите на инвестицискиот фонд се користат во согласност со закон и проспектот и статутот на фондот, и трошоците кои ги плаќа фондот се во согласност со одредбите од закон и со условите од проспектот и статутот на фондот,
- извршува други работи кои се предвидени со депозитарниот договор,
- води евиденција на работењето кое го врши како депозитарна банка и редовно ја усогласува со евиденцијата на друштвото за управување,

B. Комерцијална банка АД Скопје дејноста на депозитарната банка ја извршува самостојно во рамките на Секторот за ликвидност и финансиски пазар, Дирекција за вршење на старателски работи и нема склучено договор за пренесување на активностите на трето лице.

C. Депозитарната банка со ова изјавува дека сите ажурирани информации од точките погоре ќе им бидат дадени на сите инвеститори во отворениот инвестициски фонд на нивно барање.

Директор на сектор за ликвидност и
финансиски пазар

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ 09

## IV) ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦАТА ШТО СЕ ОДГОВОРНИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ

### 1. ИЗЈАВА НА ЛИЦАТА ОДГОВОРНИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ

*"Изјавуваме дека, според нашите уверувања и во согласност со нашите сознанија и податоците со кои располагаме, податоците наведени во Проспектот се веродостојни, потполни и точни и дека во Проспектот се наведени сите потребни информации врз основа на кои вложувачите можат да добијат реални сознанија за инвестицискиот фонд и врз основа на кои можат да донесат правилна одлука за вложување или не во удели на отворениот инвестициски фонд, а особено да добијат претстава за ризиците кои се поврзани со инвестицискиот фонд и неговото портфолио."*

Ирена Живковиќ-Зарева – Претседател на ОД; ______________________

Александер Мавко – Член на ОД; ______________________

Маја Николовска – Независен член на ОД; ______________________

Горан Марковски – Извршен член ОД и Главен извршен директор; ______________________

Андреј Пулејков – Извршен член на ОД и Извршен директор; ______________________

### 2. ЛИЦА ЗА КОНТАКТ ВО ДРУШТВОТО

Горан Марковски – Главен извршен директор (+389 (0)2 3204 490)
Андреј Пулејков – Извршен директор (+389 (0)2 3204 496)
Јана Георгиева Тренчев – Директор за маркетинг, советување и односи со јавност (+389 (0)2 3204 490)